Народна банка на
Република Македонија

# Квартален извештај

# I / 2004

*Мај 2004*

# С О Д Р Ж И Н А


**Макроекономски движења во Република Македонија во првиот квартал од 2004 година** **2**

**Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во првиот квартал од 2004 година** **4**

**I. Економски движења во Република Македонија** **5**
1.1. Цени 6
1.2. Економска активност 8
1.3. Останати макроекономски движења 12

**II. Монетарни движења во Република Македонија** **15**
2.1. Монетарно регулирање 16
2.2. Монетарни агрегати 22
2.3. Пласмани и каматни стапки на банките 25

**III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија** **29**
3.1. Надворешно-трговска размена 30
3.2. Девизни движења 32
3.3. Надворешен долг 36

**Статистички прилог** **38**

## Макроекономски движења во Република Македонија во првиот квартал од 2004 година

Првиот квартал од 2004 година се карактеризираше со бавно заживување на економската активност, ниска стапка на инфлација, понатамошен пораст на депозитниот потенцијал на банките и интензивирање на нивната кредитна активност.

Остварените позитивни месечни стапки на раст на индустриското производство во февруари (10,5%) и март (17,5%), како позитивен сигнал за динамизирање на економската активност, само делумно го компензираа падот на производствената активност во јануари (месечно намалување од 42%). Ваквата месечна динамика услови просечен пад на индустриското производство во првиот квартал од 26,1%. Движењата во надворешно-трговската размена во првиот квартал во целост кореспондираат со месечната динамика на индустриското производство (месечен пад на размената во јануари и зголемување во февруари и март 2004 година). Притоа, регистрирани се позитивни структурни придвижувања во размената, во насока на релативно поинтензивно зголемување на извозот (за 22,1%) во однос на увозот на стоки (за 13,8%) и следствено, повисока покриеност на увозот со извоз (59,3%).

Во првиот квартал од 2004 година, Народна банка на Република Македонија успешно ја одржа стабилноста на интермедијарниот таргет (девизниот курс на денарот во однос на еврото), а со тоа и крајната монетарна цел - ценовната стабилност. Така, девизниот курс на денарот во однос на еврото се задржа на ниво од 61,3 денари за едно евро, а просечната стапка на инфлација (мерена преку индексот на трошоци на живот) изнесуваше 1,6%. Притоа, зголемените трошоци на живот во првиот квартал од 2004, во голема мерка го одразуваат порастот на цените предизвикан од немонетарни фактори (како на пример ефектот од измените кај данокот на додадена вредност во април 2003 година).

Монетарната политика во периодот јануари-март 2004 година се спроведуваше во услови на воздржана фискална политика (во согласност со очекуваните одливи во следниот квартал) и повисока побарувачка за девизни средства на девизниот пазар во првата половина од кварталот. Очекувањата за повисок степен на експанзивност на фискалната политика во вториот квартал и потребата за стабилизирање на движењата на девизниот пазар, условија промена на поставеноста на инструментите на монетарната политика на средината на февруари 2004 година. Така, од 18 февруари 2004 година повторно се премина кон аукции на принципот "тендер со износи" и фиксна каматна стапка на благајничките записи со рок на достасување од 28 дена од 8%, а воедно беа воведени и благајнички записи со рок на достасување од 7 дена и каматна стапка од 5%. Притоа, ефектите од промената на каматната политика на НБРМ особено беа изразени во текот на март, кога беше регистриран значителен износ на дополнително повлечени ликвидни средства преку аукциите на благајнички записи. Воедно, промената на поставеноста на монетарната политика придонесе за стабилизирање на движењата на девизниот пазар, што резултираше со кумулативен нето-откуп на девизи од страна на НБРМ.

Движењата на монетарните агрегати во првиот квартал од 2004 година беа под влијание на вообичаената нормализација на побарувачката за готови пари и порастот на вкупниот депозитен потенцијал на банкарскиот систем (за 2,5%). Така, во услови на намалување на готовите пари во оптек (за 8,6%) и трансакционите депозити (за 5,6%), паричната маса М1 забележа квартално намалување од 7,2%. Намалувањето на паричната маса М1 се рефлектираше и врз пошироките монетарни агрегати М2 и М4. Имено, и покрај повисокото ниво на краткорочни депозити, паричната маса М2 забележа пад од 1,2%, додека поинтензивниот пораст на долгорочниот потенцијал на банките услови поумерен пад на паричната маса М4 (од 0,7%).

Трендот на пораст на вкупните пласмани (започнат во мај 2003 година), продолжи и во првиот квартал од 2004 година (квартално зголемување од 4,8%). Притоа, девизните пласмани забележаа поинтензивен пораст во однос на денарските пласмани (пораст од 8,7% и 4,8%, соодветно). Понатамошниот раст на кредитирањето на приватниот сектор делумно се должи и

на пониската цена на кредитите. Така, просечната пондерирана активна каматна стапка (на краткорочните денарски кредити) во првиот квартал од 2004 година се намали за 2,1 процентен поен и се сведе на 12,5%, при незначителна промена на просечната пасивна каматна стапка на банките. Асиметричните промени на просечната активна и просечната пасивна каматна стапка резултираа со стеснување на каматната маргина за 1,9 процентни поени (со што каматната маргина се сведе на 6 процентни поени).

## Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во првиот квартал од 2004 година

- *Од почетокот на јануари 2004 година започна примената на новите одредби за либерализација на трговијата, кои произлегуваат од преземените обврски со влезот на Република Македонија во Светската трговска организација (СТО) и согласно примената на Привремената спогодба со ЕУ. Станува збор за укинување на акцизата и намалување на царините за увоз на стоки со потекло од ЕУ (патнички автомобили, алкохолни пијалоци, кафе, јужно овошје, мебел, риба, итн. - вкупно околу 3.000 производи).*

- *На 20 јануари беше реализирана **првата аукција на државни записи** (државни краткорочни хартии од вредност, со рок на доспевање од 3 месеци), при што НБРМ има улога на агент за издавање на државните записи. Притоа, на аукцијата беше понуден износ од 100 милиони денари и беше постигната просечна каматна стапка на државните записи од 7,53%, при повисока побарувачка во однос на понудениот износ.*

- *Од 27 јануари **малопродажните цени на нафтените деривати се зголемени** за 3,17% - просечно зголемување на цените на сите видови нафтени деривати - (Службен весник на РМ бр. 3/2004).*

- ***На 10 февруари** малопродажните цени на нафтените деривати **беа намалени за 2,46% (во просек, за сите видови на нафтени деривати по еден денар за литар), а** производствените цени **за 4,47% (Службен весник на РМ бр.5/2004).***

- ***Во февруари НБРМ изврши** промена на поставеноста на аукциите на благајнички записи**. Така, од 18 февруари се премина кон аукции на принципот "тендер со износи" (со неограничен износ и фиксна каматна стапка), при што беа воведени и благајнички записи со рок на доспевање од 7 дена. Притоа, каматната стапка на благајничките записи со рок на доспевање од 7 дена и 28 дена изнесува 5% и 8%, соодветно.***

- ***Во втората декада на март 2004 година цената на барел сурова нафта на стоковната берза во Њујорк достигна 13-годишен максимум.** Загриженоста за влијанието на планираното намалување на производството на сурова нафта во земјите членки на ОРЕС врз испораката на сурова нафта на американските рафинерии поттикна нагорно движење на цените. Така, на 17 март цената на барел сурова нафта (со испорака во април) достигна ниво од 38,18 САД долари за барел.*

- *Од 8 март стапи на сила владината **Програма за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност во малото стопанство на Република Македонија за 2004 година**. Со оваа програма се уредува намената на дел од средствата за поддршка на мали и средни претпријатија во износ од 40 милиони денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија.*

- *Владата на Република Македонија донесе одлука за **зголемување на цените на нафтените деривати, која се применува од 9 март** (во согласност со порастот на цената на суровата нафта на светските пазари). Имено, рафинериските цени на нафтените деривати во просек се повисоки за 8,85%, а малопродажните цени за 4,5%.*

- ***На 22 март, во Даблин формално е поднесена апликацијата на Република Македонија за членство во ЕУ.***

- *Владата на Република Македонија донесе одлука за **зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати, кои во просек се повисоки за 2,24%**. Одлуката се применува од 23 Март 2004 година.*

# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | месец | | во % | | |
| **Трошоци на животот** | III.2004 | - | -0,1 | 1,4 | 1,6 |
| **Цени на мало** | III.2004 | - | 0,0 | 1,5 | 1,7 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | III.2004 | - | 0,8 | -0,9 | -1,5 |
| **Индустриско производство** | III.2004 | - | 17,5 | -32,9 | -26,1 |
| **Вкупен промет во трговија** | II.2004* | | 11,3 | 22,1 | 19,9 |
| **Извршени градежни работи** | II.2004* | | -28,1 | 43,2 | 5,3 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | II.2004* | 12.102 | 2,0 | 6,1 | 3,5 |
| **Реална просечна нето плата** | II.2004* | - | 2,9 | 4,6 | 1,8 |
| **Вкупен број на вработени** | II.2004* | | 0,0 | -3,9 | -3,8 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи (централен буџет)** | III.2004 | 5.538 | 36,5 | 16,5 | 10,3 |
| **Буџетски расходи (централен буџет)** | III.2004 | 4.741 | 12,6 | 12,8 | 5,2 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.
*Последен расположлив податок.

## 1.1. Цени

***Во првиот квартал од 2004 година просечната стапка на инфлација изнесуваше 1,6%...***

Просечната стапка на инфлација (мерена преку индексот на трошоците на живот) во првиот квартал на 2004 година изнесуваше 1,6%. Притоа, повисоки трошоци беа регистрирани речиси кај сите категории кои ја сочинуваат структурата на трошоците на живот. Така, забележителен пораст од 4,5% остварија трошоците за домување, во чии рамки значително повисоки беа трошоците за огрев и осветлување (за 5,6%), кои го рефлектираат порастот на цената на топлинската енергија и електричната енергија[1]. Исто така, пораст е регистриран и кај трошоците за хигиена и здравје (6,4%), кој главно се должи на зголемените малопродажни цени на средствата за лична хигиена и лековите[2]. Од друга страна, единствено пониски беа трошоците за исхрана за 0,2%, при пониски цени на индустриско прехранбените производи. Од структурен аспект, во првиот квартал на 2004 година, главна детерминанта на порастот на трошоците на животот беа трошоците за услуги кои остварија забележителен пораст (4,9%), наспроти умерениот пораст на трошоците за стоки (1,0%). Месечната анализа на трошоците на живот покажува дефлаторни движења во февруари и март 2004 година (од 0,9% и 0,1%, соодветно), додека во јануари беше регистрирана стапка на инфлација од 0,3%.

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




***...при просечен пораст на цените на мало од 1,7%***

Трошоците на животот, вообичаено го следат движењето на цените на мало. Така, во првото тримесечје на 2004 година цените на мало остварија просечен пораст од 1,7%, детерминиран од зголемувањето на цените на земјоделските производи и на непрехранбените индустриски производи (за 2,6% и 1,1%, соодветно). Од друга страна, индустриско прехранбените производи и пијалаците забележаа пад (од 2,1% и 0,5%, соодветно). Структурно анализирано, цените на услугите во првиот квартал на 2004 година беа значително повисоки (за 4,3%), додека цените на стоките забележаа умерен пораст (од 0,4%). Од аспект на месечната динамика, во јануари и во март 2004 година цените на мало беа

[1] Од јули 2003 година, согласно измените кај ДДВ, цената на електричната енергија се зголеми и за домаќинствата.

[2] Тоа главно се должи на измените во структурата на данокот на додадена вредност од април 2003 година, кога општата стапка од 19% се намали на 18% и одредени категории на производи и услуги од повластената стапка од 5% започнаа да се оданочуваат со општата стапка од 18%.

непроменети, додека во февруари беше регистриран пад од 0,6% (како резултат на пониските цени на земјоделските производи и на пијалаците).

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




***Цените на производителите на индустриски производи во првиот квартал од 2004 година беа пониски за 1,5%***

Во првиот квартал од 2004 година, во однос на истиот период од 2003 година, цените на производителите на индустриските производи беа пониски за 1,5%. Анализирано според главни групи на индустриски производи, највисок пад (6,4%) забележаа цените на производителите на енергија, рефлектирајќи го падот на цените на производителите на нафтени деривати. Кај цените на производителите на нетрајни производи за широка потрошувачка беше регистриран пад од 3,1%, главно како резултат на пониските цени на производителите на прехранбени производи и пијалаци. Пад на цените беше регистриран и кај производителите на капитални производи, додека пораст единствено остварија цените на производителите на интермедијарни производи (освен енергија). Притоа, цените на производителите на трајни производи за широка потрошувачка беа непроменети. Од секторски аспект, цените на производителите во преработувачката индустрија беа пониски за 1,9%, додека во секторот вадење на руди и камен е регистриран пораст на цените од 0,6%. Во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода цените на производителите беа непроменети. Од аспект на месечната динамика, во јануари и февруари 2004 година беше регистрирано намалување на цените на производителите на индустриските производи (за 0,4% и 0,1%, соодветно), додека во март тие остварија пораст од 0,8%.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




## 1.2. Економска активност

***Индустриското производство во првиот квартал на 2004 година забележа просечен пад од 26,1%***

Индустриското производство во Република Македонија во првиот квартал на 2004 година, во однос на истиот период од 2003 година забележа пад од 26,1%. Намалување на производството е регистрирано кај речиси сите главни групи на индустриски производи, при највисок пад на производството на трајни производи за широка потрошувачка и капитални производи (од 55,8% и 50,1%, соодветно). Значителен пад (47,9%) забележа производството на интермедијарни производи (освен енергија), кој главно го рефлектира падот на производството од секторот вадење на руди и камен, додека производството на енергија беше пониско за 1,5%. Од друга страна, пораст оствари единствено производството на нетрајни производи за широка потрошувачка (7,2%), како резултат на порастот на производството на прехранбени производи и пијалаци. Секторски анализирано, производството забележа пад во сите три сектори од индустријата. Така, во преработувачката индустрија (која учествува со 89,9% во вкупното производство) е регистриран пад од 27,1%, во секторот вадење на руди и камен од 62,4%, додека во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода намалувањето изнесува 3,9%. Во рамки на преработувачката индустрија, од вкупно 20 гранки, во 16 е регистрирано намалување на производството, при што од позначајните гранки највисок пад забележа производството на основни метали (66,5%). Од аспект на месечната динамика, во јануари 2004 година беше регистриран пад на производството од 42%, додека идентични движења се забележани во февруари и март (остварен пораст од 10,5% и 17,5%, соодветно). Притоа, во март е регистрирано зголемување на производството во сите три сектори, при најинтензивен пораст во секторот вадење на руди и камен (60,9%).

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во%)




## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Државниот завод за статистика на Република Македонија од април 2001 година започна со спроведување на месечно статистичко истражување за деловните тенденции. Истражувањето се врши на примерок од 200 претпријатија од преработувачката индустрија, при што се добиваат квалитативни податоци од раководителите на претпријатијата за главните економски показатели во нивните претпријатија, како и за нивните очекувања. Од истражувањето во март 2004 година се добиени следниве разултати:

– Месечната оценка на економската состојба на претпријатијата во првите три месеци од 2004 година бележи постепено влошување. Сепак, во март 2004 година во однос на крајот од 2003 година, вкупната економска состојба е незначително подобрена;
– Оценката за обемот на производството во изминатите три до четири месеци е неповолна (од почетокот на 2004 година, во секој нареден месец таа се влошува). Воедно, неповолни се и очекувањата за зголемување на обемот на производството во наредните три до четири месеци (во март 2004 година тие се пониски во споредба со очекувањата од декември 2003 година);
– Како побитни ограничувачки фактори на производството во првите три месеци од 2004 година се сметаат: недоволната странска и домашна побарувачка, финансиските проблеми со кои се соочуваат претпријатијата, неизвесното економско окружување, како и недостатокот на суровини за производство;
– Во наредниот период, испитаниците очекуваат пораст на просечните цени на инпутите, додека просечните продажни цени на готовите производи ќе бележат опаѓање;
– Просечното искористување на капацитетите во претпријатијата во март 2004 година изнесува 61,2% и во однос на декември 2003 година бележи умерен пораст.

Оценки и очекувања на испитаниците
(во %)




*Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

***Вкупната вредност на продадени земјоделски производи во првите два месеца од 2004 година бележи просечен пад од 26,8%...***

Вкупната вредност на реализирани земјоделски производи од сопствено производство на земјоделските претпријатија и задруги во првите два месеца на 2004 година[3] изнесуваше 349 милиони денари и во однос на истиот период од 2003 година е пониска за 26,8%. Притоа, голем пад е регистриран кај продажбата на кожа и волна, индустриските растенија, живина и јајца, добиток и алкохолни пијалоци. Од друга страна, висок просечен пораст оствари продажбата на градинарски и житни растенија. Во однос на месечната динамика, повисока вредност на реализирани земјоделски производи е остварена во јануари 2004 година, додека во февруари е регистриран месечен пад од 28,3%.

***...додека вредноста на откупените земјоделски производи од индивидуалните земјоделски претпријатија беше повисока за 4,2%***

Во првите два месеца на 2004 година[4], вкупната вредност на откупени земјоделски производи од индивидуалните земјоделски производители изнесуваше 1.315 милиони денари и во однос на истиот период од 2003 година е повисока за 4,2%. Притоа, пораст е остварен кај откупот на кожа и волна, градинарски и индустриски растенија, додека пад бележи откупот на овошје и грозје, добиток и житни растенија. Месечно анализирано, во јануари 2003 година е остварена висока вредност на откупени земјоделски производи, додека во февруари откупот е значително намален (регистриран месечен пад од 68,7%).

[3] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика.
[4] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика.

Графикон 5
Реализација и откуп на земјоделски производи
(во милиони денари)




*Во првите два месеца од 2004 година, вкупниот промет во трговијата оствари забележителен просечен пораст од 19,9%*

Вкупниот промет во трговијата во првите два месеца на 2004 година[5] оствари просечен пораст од 19,9% и достигна 24.027 милиони денари. Притоа, зголемување е регистрирано и кај двете компоненти (регистриран просечен пораст кај трговијата на мало и трговијата на големо од 20,7% и 19,4%, соодветно). Од аспект на месечната динамика, во јануари 2004 година, вкупниот промет во трговијата забележа намалување (при регистриран пад на прометот во трговијата мало и во трговијата на големо). Во февруари, вкупниот промет во трговијата оствари пораст (11,3%), главно детерминиран од зголемениот промет во трговијата на големо (17,4%), при умерен пораст на прометот во трговијата на мало (2,5%).

Графикон 6
Промет во трговија
(во милиони денари)




*Просечен пораст на вредноста на извршените градежни работи во првите два месеци од 2004 година*

Во првите два месеца од 2004 година, вкупната вредност на договорени градежни работи изнесуваше 4.717 милиони денари, што во однос на истиот период од 2003 година претставува пад од 17,2%. Притоа, во јануари 2004 година (што е вообичена карактеристика за овој месец) беше регистриран висок износ на договорени градежни работи. Високата споредбена основа резултираше со месечен пад на вредноста на договорените градежни работи во февруари. Од друга страна, вредноста на извршените градежни работи во првите два месеца од 2004 година, во споредба со истиот период од претходната година оствари пораст од 5,3% и достигна 767 милиони денари. Од

[5] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика.

аспект на месечната динамика, во првиот месец од 2004 година е регистрирана намалена градежна активност, додека во февруари вредноста на извршените градежни работи значително се зголеми (регистриран месечен пораст од 75%).

Графикон 7
Договорени и извршени градежни работи
(во милиони денари)




## 1.3. Останати макроекономски движења

*Намален број на вработени во првите два месеца од 2004 година...*

Просечниот број на вработени во Република Македонија во првите два месеца на 2004 година[6] изнесуваше 266.932 лица, што во однос на истиот период од 2003 година е помалку за 3,8%. Намалување на бројот на вработените е регистрирано кај трите сектори од економијата, при највисок пад регистриран во земјоделството (7,5%). Во индустријата (во која се вработени 124.418 лица или 46,6% од вкупниот број на вработени) вработеноста е пониска за 5,7%. Притоа, во преработувачката индустрија (со доминантно учество во вкупната вработеност од 31,3%) бројот на вработените беше помал за 5,1%. Во секторот услуги (кој опфаќа најголем процент од вработеноста, 49,3%) бројот на вработените се намали за 1,6%.

Графикон 8
Вработеност по сектори
(во %)




[6] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика.

*...при регистриран пораст на просечната плата*

Просечната исплатена нето плата по работник во Република Македонија во првите два месеца од 2004 година[7] изнесуваше 11.983 денари и оствари номинален и реален пораст (за 3,5%и за 1,8%, соодветно), при највисок просечен пораст на номиналната плата во земјоделството (9,1%). Просечната плата во индустријата оствари пораст од 3,3% (највисок пораст на платата е регистриран во преработувачката индустрија). Во секторот услуги просечниот пораст на платата изнесуваше 2,6%.

Графикон 9
Просечна нето плата по работник
(просечна промена во %)




Позитивниот тренд на намалување на процентот на вработени кои не примиле плата за соодветниот месец, започна во декември 2003 година. Притоа, во февруари 2004 година бројот на вработени кои не примиле плата претставува 22,5% од вкупниот број на вработени лица (што во однос на крајот од претходната година е намалување од 2,2 процентни поени).

Графикон 10
Вкупни приходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*Кумулативен пораст на буџетските приходи во првиот квартал од 2004 година од 10,3%...*

Кумулативно анализирано, во првиот квартал на 2004 година јавните приходи достигнаа 21.208 милиони денари. Притоа, приходите на централната државна власт изнесуваа 14.102 милиона денари и во однос на истиот период од 2003 година беа повисоки за 10,3%. Пораст е регистриран кај сите приходни категории, при

[7] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика.

најинтензивен пораст на неданочните приходи (кој е резултат на високиот прилив врз основа на дивиденди). Даночните приходи беа повисоки за 5,7%, како резултат на порастот на приходите од персоналниот данок на доход, данокот на додадена вредност, акцизите и останатите даноци. Од друга страна, кумулативно намалување беше регистрирано кај приходите од данокот на добивка и царините.

Графикон 11
Вкупни приходи и расходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*...додека буџетските расходи се повисоки за 5,2%*

Во првото тримесечје на 2004 година, јавните расходи изнесуваа 20.562 милиона денари, од кои 13.100 милиони денари се расходи на централната државна власт, (5,2% повеќе во споредба со првиот квартал од 2003 година, при истовремен пораст на тековните и капиталните трошоци).

Графикон 12
Вкупни расходи на централниот буџет
(во милиони денари)



# II. Монетарни движења во Република Македонија

## Основни монетарни индикатори

| | Состојба 31.03.2004 во милиони денари | Квартална промена во милиони денари | во % | Годишна промена во милиони денари | во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **Примарни пари** | 15.434 | -2.818 | -15,4 | 403 | 2,7 |
| **Готови пари во оптек** | 12.953 | -1.224 | -8,6 | 1.092 | 9,2 |
| **Депозитни пари** | 12.360 | -736 | -5,6 | 1.727 | 16,2 |
| **Парична маса М1** | 25.313 | -1.960 | -7,2 | 2.819 | 12,5 |
| **Парична маса М2 - денарски дел** | 40.486 | -2.355 | -5,5 | 6.308 | 18,5 |
| **Парична маса М2** | 75.141 | -887 | -1,2 | 13.422 | 21,7 |
| **Парична маса М4** | 80.207 | -606 | -0,7 | 13.620 | 20,5 |
| **Вкупни депозити** | 54.894 | 1.354 | 2,5 | 10.801 | 24,5 |
| **Краткорочни** | 49.828 | 1.073 | 2,2 | 10.603 | 27,0 |
| **Долгорочни** | 5.066 | 281 | 5,9 | 198 | 4,1 |
| **Денарски** | 18.680 | -385 | -2,0 | 3.441 | 22,6 |
| **Девизни** | 36.214 | 1.739 | 5,0 | 7.360 | 25,5 |
| **Вкупни пласмани на банките** | 53.004 | 2.562 | 5,1 | 9.129 | 20,8 |
| **Денарски** | 45.128 | 2.047 | 4,8 | 7.552 | 20,1 |
| **Девизни** | 7.876 | 629 | 8,7 | 1.577 | 25,0 |
| | | Во процентни поени | | | |
| **Просечна пондерирана каматна стапка на аукциите на благајнички записи (28 дена)** | 8,00% | 1,85 | | -1,6 | |
| **Просечна пондерирана каматна стапка на пазарот на пари** | 6,52% | 0,7 | | -5,67 | |
| **Пондерирани активни каматни стапки на банките** | 12,46% | -2,07 | | -4,8 | |
| **Пондерирани пасивни каматни стапки на банките** | 6,48% | -0,21 | | -2,63 | |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

## 2.1. Монетарно регулирање

Поставеноста на инструментите за монетарно регулирање и активните интервенции на НБРМ на девизниот пазар придонесоа за понатамошно одржување на стабилноста на девизниот курс и успешно одржување на ниска и стабилна стапка на инфлација. Така, во текот на првиот квартал, просечниот девизен курс на денарот во однос на еврото се задржа на околу 61,3 денари за едно евро, а просечната стапка на инфлација изнесуваше 1,6%.

Кварталната анализа (март 2004 година / декември 2003 година) на факторите кои делуваат врз ликвидноста[8] на банкарскиот систем покажува умерено креирање на ликвидност преку девизните трансакции на НБРМ, додека денарските државни депозити и аукциите на благајнички записи на НБРМ делуваа во насока на повлекување на ликвидни средства. Во согласност со стабилизирањето на побарувачката за готови пари (по сезонскиот пораст на крајот на годината), во првиот квартал од 2004 година готовите пари во оптек претставуваа тек на креирање на ликвидност.

Табела 1
Креирање и повлекување на ликвидност
(во милиони денари)

| | Состојба 31.12.2003 година | Месечни промени во I квартал 2004 година | | | | Состојба 31.03.2004 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | јануари | февруари | март | Вкупно | |
| **Ликвидност на банките** | **4.075** | **-1.226** | **557** | **-925** | **-1594** | **2481** |
| ***Креирање на ликвидност*** | | | | | ***1.260*** | |
| 1. Нето девизна актива | 42.501 | -1.581 | 5 | 1.578 | 2 | 42.503 |
| 2. Готови пари во оптек | 14.177 | 772 | 234 | 218 | 1.224 | 12.953 |
| 3. Останато | 78 | 32 | 19 | -17 | 34 | 44 |
| ***Повлекување на ликвидност*** | | | | | ***-2.854*** | |
| 1. Нето домашна актива | -19.792 | -322 | 24 | -1.184 | -1.482 | -21.274 |
| 2. Благајнички записи на НБРМ | 4.379 | -127 | 275 | -1.520 | -1.372 | 5.751 |

***Намалување на просечната дневна ликвидност на банките***

Просечната дневна ликвидност на банкарскиот систем, во првиот квартал од 2004 година изнесуваше 3.622 милиона денари и во однос на претходниот квартал забележа намалување од 194,9 милиони денари, или за 5,4%. Имајќи го предвид во просек понискиот интерес за инвестирање во благајнички записи и понискиот просечен износ на државни денарски депозити, негативната квартална динамика на просечната дневна ликвидност го рефлектира ефектот од девизните трансакции и во просек повисоката побарувачка за готови пари. Од динамички аспект, највисок просечен дневен износ на ликвидност беше регистриран во јануари 2004 година (3.828,7 милиони денари), делумно како продолжен ефект од преференциите на банките за кумулирање на ликвидност на крајот од годината. Кумулирањето на средства на денарската сметка на државата кај НБРМ и девизните трансакции во февруари резултираа со пониско просечно дневно ниво на ликвидност (3.381,7 милиони денари). Пораст на просечната ликвидност е регистриран во март (3.655,7 милиони денари), во целост детерминиран од нето-откупот на девизи на девизниот пазар од страна на НБРМ. На крајот на март 2004 година, вкупната ликвидност на банките изнесуваше 2.481 милион денари, што во однос на крајот од претходниот квартал претставува пад од 1.594 милиони денари, или за 39,1%.

[8] Ликвидноста на банките ја опфаќа сметката на банките кај НБРМ и готовината во благајна.

Во првиот квартал од 2004 година, вишокот на ликвидни средства на банките над обврската за задолжителна резерва[9] (во денари), во просек изнесуваше 19,2% (што во однос на просечниот вишок на ликвидност од претходниот квартал претставува намалување од 12,5 процентни поени). Притоа, во текот на кварталот процентот на исполнување на обврската за задолжителна резерва беше исклучително стабилен (19,3% во јануари и февруари и 18,9% во март 2004 година). Кварталната промена на вишокот на ликвидност покажува позитивни промени во доменот на управувањето со ликвидноста од страна на банките (иако делумно го рефлектира нормализирањето на вишокот на ликвидност по сезонскиот пораст од крајот на годината).

Графикон 13
Дневна динамика на ликвидноста на банките
(во милиони денари)




***Умерено креирање на ликвидност преку интервенциите на НБРМ на девизниот пазар***

Во согласност со прифатената стратегија на таргетирање на девизниот курс, и во текот на првиот квартал од 2004 година НБРМ активно учествуваше на девизниот пазар. Притоа, повисоката побарувачка од понудата на девизи во првиот месец од годината резултираше со интервенции во насока на нето-продажба на девизи. Постепеното стабилизирање на побарувачката за девизи (како делумен ефект од променетата поставеност на монетарната политика) резултираше со нето-откуп на девизи во февруари и март. На кумулативна основа, НБРМ интервенираше со незначителен износ на нето-откуп на девизи, делувајќи во насока на креирање на ликвидност.

**Воведување на краткорочни државни хартии од вредност на македонскиот финансиски пазар**

Државните записи се краткорочни хартии од вредност, кои ги издава државата, со цел финансирање на тековниот дефицит во буџетот (односно надминување на привремените ликвидносни проблеми поради временската неусогласеност на јавните приходи и расходи).

Во јануари 2004 година, во Република Македонија беа издадени првите државни записи. Реализацијата на овој проект произлегува од потребата за проширување на изворите за финансирање на буџетскиот дефицит, поттикнување на развојот на финансиските пазари во Република Македонија, како и диверзифицирање на портфолиото на хартии од вредност. Издавач е државата (Министерството за финансии), додека НБРМ се јавува во улога на агент на државата.

[9] Како период на одржување (исполнување) на обврската за задолжителна резерва на банките се смета периодот од 11-ти во тековниот месец до 10-ти во следниот месец.

Државните записи се издаваат во домашна валута, во дематеријализирана форма, односно во форма на електронски записи и имаат рок на достасување од 3 месеци. Нивното издавање и исплата се вршат по номинална вредност, додека продажбата се врши по дисконтирана вредност.

Во согласност со претходно објавениот календар, во првиот квартал од 2004 година беа одржани пет аукции на државни записи. Притоа, на првите две аукции побарувачката за трезорски записи беше повисока во однос на понудата (во просек за 1,7 пати), што резултираше со соодветно намалување на каматната стапка. Перманентно повисоката понуда во однос на побарувачката на следните три аукции (во просек за 1,6 пати) услови постепено континуирано зголемување на каматната стапка на краткорочните државни хартии од вредност (при примена на аукции на принципот "тендер со каматни стапки").

Графикон 14
Каматни стапки на аукциите на краткорочни државни хартии од вредност
(во %)




***Денарските депозити на државата кај НБРМ-тек на повлекување на ликвидност во првиот квартал...***

Денарските депозити на државата кај НБРМ, на крајот на март 2004 година во однос на крајот од претходната година беа повисоки за 2,1 пати. Интензивниот квартален пораст, делумно ја рефлектира и ниската споредбена основа (значителни одливи од сметката на државата на крајот од претходната година). Притоа, во текот на кварталот беше регистрирано континуирано кумулирање на средства, што кореспондира со повисокиот износ на одливи предвиден за наредниот квартал (особено заради исплатата на редовната рата на дел од државните обврзници за старото девизно штедење). Во текот на кварталот, дополнителни средства беа мобилизирани преку државните краткорочни хартии од вредност (кумулативната реализација изнесуваше 534 милиони денари, при што во просек понудата ја надмина побарувачката за 12%).

Графикон 15
Инструменти за монетарно регулирање и автономни фактори на креирање и повлекување на ликвидност*
(месечни промени во милиони денари)




*Позитивна промена-креирање на ликвидност; негативна промена-повлекување на ликвидност.

*...како и аукциите на благајнички записи на НБРМ*

Во првиот квартал од 2004 година, аукциите на благајнички записи делуваа во насока на повлекување на ликвидност, при што кумулативно повлечената ликвидност изнесуваше 1.372 милиона денари. Динамичката анализа покажува отстапување од овој тренд единствено во февруари, кога преку благајничките записи беше креирана дополнителна ликвидност од 275 милиони денари. Во текот на кварталот беше извршена промена на поставеноста на аукциите на благајнички записи. Така, аукциите на принципот "тендер со каматни стапки" беа применувани до 18.02.2004 година. Притоа, во периодот на примена на овој тип на тендер, понудата на благајнички записи, во просек беше повисока од побарувачката за благајнички записи за 21,7%, што резултираше со тенденција на пораст на просечната пондерирана каматна стапка (од 6,8% на почетокот на годината на 7,2% на последната аукција на принципот "тендер со каматни стапки"). Во средината на февруари беа воведени аукции на принципот "тендер со износи" и фиксна каматна стапка. Притоа, покрај благајничките записи со достасување од 28 дена (со каматна стапка од 8%) беа воведени и благајнички записи со достасување од 7 дена (со каматна стапка од 5%). Во услови на изменета поставеност на основниот инструмент за монетарно регулирање, беше забележан повисок интерес за вложување во благајнички записи (што се рефлектира преку значителниот износ на повлечени ликвидни средства во март 2004 година).

Графикон 16
Каматни стапки на аукциите на благајнички записи (тендер со каматни стапки)
(во %)




***Интензивирана активност на институционализираниот пазар на пари***

На институционализираниот пазар на пари, во првиот квартал од 2004 година просечниот промет на ликвидни средства изнесуваше 944,4 милиони денари, што во однос на просекот од претходниот квартал претставува пораст од 34,2% (при највисок промет регистриран во февруари). Притоа, понудата на ликвидни средства перманентно ја надминуваше побарувачката и во просек беше повисока за 1,4 пати. Следствено, намалување беше регистрирано и кај просечната пондерирана каматна стапка на пазарот на пари, која во просек во првиот квартал изнесуваше 6,6% (бележејќи пад во однос на претходниот квартал од 0,4 процентни поени). Од аспект на рочноста на трансакциите, доминантно учество имаат трансакциите со рочност до три дена (во првиот квартал нивното просечно учество во вкупниот промет изнесуваше 84%). Во март 2004 година, вкупниот промет на пазарот на пари изнесуваше 674 милиони денари, што во однос на крајот од претходната година претставува намалување од 24,5%. Во март 2004 година, непосредното билатерално тргување на банките со ликвидни средства изнесуваше 877,8 милиони денари (квартален пад од 53,1%).

Графикон 17
Движење на каматните стапки на пазарот на пари, аукциите на благајнички записи и ликвидните средства на банките*




* Во определени денови од месецот на пазарот на пари не се регистрирани трансакции и каматна стапка.

***Стабилизирање на побарувачката за готови пари***

Готовите пари во оптек беа пониски на квартална основа за 8,6%, рефлектирајќи го вообичаеното стабилизирање на побарувачката за готови пари (по интензивниот сезонски пораст на крајот од годината). Притоа, во текот на кварталот беше регистрирано континуирано намалување на нивото на готови пари

во оптек. Од аспект на просечната дневна состојба, највисоко ниво е регистрирано во јануари (13.422,6 милиони денари, во согласност со присутниот сезонски ефект), додека во февруари и март просечното ниво беше релативно стабилно (12.983,1 милион денари и 12.964,4 милиони денари, соодветно). Со исклучок на февруари, дневната динамика на готовите пари во оптек беше под влијание на редовните фактори. Отстапувањето во февруари се должи на измените во износот и динамиката на исплата на плати на дел од вработените во образованието (заради штрајкот на дел од просветните работници).

Графикон 18
Дневна динамика на готовите пари во оптек
(во милиони денари)




***Квартално намалување на примарните пари***

На крајот на март 2004 година, во однос на крајот од претходната година примарните пари беа пониски за 15,4%. Негативната динамика на примарните пари во првиот квартал се должи на стабилизирањето на побарувачката за готови пари и пониското ниво на ликвидност (прилагодување по нивниот интензивен сезонски пораст на крајот од годината). Во однос на истиот месец од претходната година, примарните пари се повисоки за 2,7%.

Графикон 19
Примарни пари
(во милиони денари, крај на период)




.

## 2.2. Монетарни агрегати

Движењето на монетарните агрегати во првиот квартал од 2004 година беше детерминирано од пониското ниво на готови пари во оптек и трансакциони депозити, во услови на пораст на вкупниот депозитен потенцијал на банкарскиот систем.

***Сезонски пад на готовите пари во оптек и депозитните пари***

Во првите три месеци од 2004 година, готовите пари во оптек бележеа континуиран пад и на крајот на март во однос на крајот од претходната година беа пониски за 8,6%. Квартално намалување е регистрирано и кај трансакционите депозити на недржавниот сектор (за 5,6%), во целост детерминирано од падот во првиот месец од годината. Интензивниот пад во првиот месец е резултат на вообичаеното намалување на депозитните пари на претпријатијата (нивното ниво во останатиот период се задржа стабилно), додека депозитните пари на населението на крајот на март го задржаа нивото од крајот на претходната година. Учеството на депозитните пари на претпријатијата и на населението во вкупните депозитни пари изнесуваше 63,2% и 22%, соодветно. Согласно негативната динамика на готовите пари во оптек и депозитните пари, паричната маса М1 на крајот од првиот квартал во однос на крајот од претходната година беше пониска за 7,2%. На годишна основа, готовите пари во оптек и депозитните пари остварија пораст од 9,2% и 16,2%, соодветно. Следствено, паричната маса М1 во март 2004 година во однос на истиот месец од претходната година беше повисока за 12,5%.

Графикон 20
Депозитни пари на претпријатијата и населението
(во милиони денари)




Поинтензивниот пад на побарувачката за готови пари во однос на средствата на трансакционите сметки резултираше со намалување на учеството на готовите пари во оптек во паричната маса М1 за 0,8 процентни поени со што тоа се сведе на 51,2%. Во однос на истиот месец од претходната година, учеството на готовите пари во оптек е пониско за 1,6 процентни поени. Ваквите движења кај готовите пари во оптек резултираа со зајакнување на процесот на монетарна мултипликација. Така, монетарниот мултипликатор на паричната маса М1 во март 2004 година изнесуваше 1,64, споредено со 1,49 на крајот од годината и 1,5 во март 2003 година.

Графикон 21
Учество на готовите пари во оптек во паричната маса М1
(во %)




***Намалување на монетарните агрегати М2 и М4 на квартална основа***

Кварталното намалување на паричната маса М1 придонесе за намалување на монетарните агрегати М2 и М4. Така, паричната маса М2 забележа пад од 1,2% (и покрај повисокото ниво на краткорочни депозити). Во услови на пораст на долгорочниот депозитен потенцијал на банките, кварталниот пад на паричната маса М4 беше поумерен и изнесуваше 0,7%. Порастот на депозитниот потенцијал на банките, при истовремено намалување на побарувачката за готови пари детерминираше пораст на монетарните мултипликатори. Монетарниот мултипликатор на паричната маса М2 изнесуваше 4,87, споредено со 4,17 во декември 2003 година и 4,11 во март 2003 година. Монетарниот мултипликатор на паричната маса М4 достигна 5,2, споредено со 4,43 во март 2003 година и декември 2003 година. На годишна основа, монетарните агрегати М2 и М4 се повисоки за 21,7% и 20,5%, соодветно, што во најголема мерка се должи на високиот пораст на краткорочниот депозитен потенцијал на банките.

Графикон 22
Монетарни агрегати и нивните компоненти
(во милиони денари)




***Квартален пораст на вкупните депозити во банкарскиот систем од 2,5%***

Во март 2004 година, вкупниот депозитен потенцијал на банкарскиот систем[10] оствари пораст од 2,5% на квартална основа (при регистриран пораст на вкупните депозити на недржавниот сектор од 4,2% во јануари, додека во февруари и март следеше пад на депозитниот потенцијал од 1,2% и 0,3%, соодветно). Зголемување

[10]Вкупните депозити на недржавниот сектор опфаќаат краткорочни и долгорочни (денарски и девизни) депозити на економските субјекти (без депозитните пари).

беше регистрирано кај сите видови на депозити (набљудувано од рочен и валутен аспект) освен кај денарските краткорочни депозити, при што најинтензивна беше промената кај долгорочните девизни депозити. Анализирано по сектори, депозитите на населението регистрираа пораст од 4%, додека депозитите на претпријатијата се пониски за 0,9%. Од аспект на структурата, во вкупните депозити доминираат краткорочните депозити (90,1%) и девизните депозити (66%). На годишна основа, вкупните депозити на недржавниот сектор се повисоки за 24,5%.

Графикон 23
Динамика на депозитите
(во милиони денари)




***Вкупните депозити на населението повисоки на квартална основа за 4%...***

Депозитите на населението во првиот квартал од 2004 година остварија пораст од 1.520 милиони денари, или за 4%. Притоа, порастот е резултат на зголемените краткорочни депозити во странска валута, како и на краткорочните орочени денарски депозити. Долгорочното штедење на населението (чие учество во вкупните депозити на населението изнесува 7,6%) се зголеми за 2,8%, детерминирано од повисоките орочени депозити во странска валута. Меѓугодишната стапка на пораст на депозитите на населението изнесуваше 19,5%, при што (со исклучок на долгорочните денарски депозити) зголемување беше регистрирано кај сите категории од аспект на рочноста и валутата.

Графикон 24
Квартална динамика на денарските и девизните депозити
(во милиони денари)



*...при регистрирано намалување на депозитите на претпријатијата*

Депозитите на претпријатијата во првиот квартал од 2004 година во однос на крајот од претходната година беа пониски за 0,9%. Месечната анализа покажува висок пораст на краткорочните девизни депозити и краткорочните денарски депозити (орочени до 3 месеци) во првиот месец од годината, што соодветствува со намаленото ниво на средствата на трансакционите сметки во овој период. Во наредните два месеца, депозитите на претпријатијата забележаа пад со исклучок на долгорочните ограничени депозити наменети за девизни дознаки. Од аспект на рочната структура, доминантно учество (92,8%) во вкупните депозити на претпријатијата имаат краткорочните депозити. Од валутен аспект, учеството на девизните депозити изнесуваше 52,3%, бележејќи квартален пораст од 4,5 процентни поени. Годишната стапка на пораст на депозитите на претпријатијата изнесуваше 45,4%, при што пораст беше регистриран кај сите категории на депозити.

Графикон 25
Структура на депозитите
31.03.2004 година




## 2.3. Пласмани и каматни стапки на банките

*Квартален пораст на вкупните пласмани на банките*

Вкупните пласмани на банките на 31.03.2004 година изнесуваа 53.004 милиони денари и во однос на крајот од претходната година беа повисоки за 2.676 милиони денари (или за 5,3%). Притоа, поинтензивен пораст беше регистриран кај девизните пласмани (8,7%), додека порастот на денарските пласмани изнесуваше 4,8%. Анализирано според рочноста, кај денарските пласмани порастот беше генериран од истовременото зголемување на краткорочните и долгорочните пласмани. Повисоките пласмани во странска валута се резултат на порастот на пласманите одобрени на долг рок, додека краткорочните девизни пласмани забележаа минимален пад. Меѓугодишната анализа покажува пораст на вкупните пласмани на банките од 20,8%.

Графикон 26
Пласмани на банките
(во милиони денари)




*Продолжува трендот на порастот на денарските пласмани...*

Трендот на пораст на вкупните денарски пласмани продолжи и во март 2004 година, при што кварталниот пораст изнесуваше 4,8%. Од рочен аспект, долгорочните денарски пласмани остварија поинтензивен пораст што се должи на зголеменото долгорочно кредитирање на претпријатијата и населението. Во вакви услови, пласманите одобрени на долг рок го зголемија своето учество за 0,7 процентни поени и изнесуваа 37,6% од вкупните денарски пласмани. Поинтензивниот пораст на денарските пласмани кај населението резултираше со зголемено структурно учество на овој сектор, при понатамошно доминантно учество на пласманите кај претпријатијата (74,5%). На годишна основа, денарските пласмани се повисоки за 20,1%, при значително поинтензивен пораст на долгорочните пласмани.

Графикон 27
Квартална динамика на вкупните пласмани
(во милиони денари)




*...при истовремен пораст на девизните пласмани*

Порастот на девизните пласмани на банките во првиот квартал од 8,7% беше генериран од повисокото ниво на долгорочните кредити одобрени на претпријатијата, како и од зголемениот износ на достасани ненаплатени побарувања. Притоа, долгорочните пласмани го зголемија своето структурно учество на 57,5%. Во секторската структура не се регистрирани значителни промени, односно кредитите одобрени на претпријатијата го задржаа доминантното учество (96,9%). Годишната промена на девизните пласмани на крајот од март 2004 година изнесуваше 25%[11].

[11] Промените кај девизните пласмани делумно ги рефлектираат и промените на девизниот курс. Така, годишната промена на девизните пласмани, вреднувани по константен девизен курс е поинтензивна и изнесува 27,1%.

Графикон 28
Пондерирани каматни стапки и маргини на банките*
(во %)




*Се однесуваат на денарски кредити и депозити.

***Намалена каматната маргина на банките***

Во првите три месеци од годината беше регистриран позитивен тренд на намалување на активните каматните стапки. Така, просечната пондерирана активна каматна стапка на краткорочните денарски пласмани на банките се сведе на 12,5% (споредено со 14,5% на крајот од претходната година), додека просечната пондерирана пасивна каматна стапка (на тримесечни денарски депозити) се намали за 0,2 процентни поени и изнесуваше 6,5%. Поинтензивниот пад на активните каматни стапки резултираше со позитивна промена кај каматните маргини, односно нејзино намалување за 1,9 процентни поени (под 6 процентни поени). Просечната пондерирана каматна стапка на краткорочните девизни кредити во март во однос на декември 2003 година оствари минимален пораст и изнесуваше 7,9%. Каматните стапки на тримесечните депозити во евра во март 2004 година се движеа во интервалот од 1,4% до 3,5%, додека интервалот на движење на каматните стапки на тримесечните доларски депозити беше 0,7% до 2,3%.

**Преглед на берзанската активност во првиот квартал од 2004 година**

На Македонската берза на долгорочни хартии од вредност во текот на првиот квартал од 2004 година е остварен вкупен промет (без блок трансакции и државен сегмент) од 552,3 милиони денари, што претставува намалување од 26,3% споредено со берзанскиот промет реализиран во четвртиот квартал од 2003 година. Обемот на тргување на официјалниот и на неофицијалниот пазарен сегмент, на квартална споредбена основа, забележа намалување од 10,9% и 41,3%, соодветно. Притоа, прометот реализиран на официјалниот пазар, кој сочинува 92,7% од вкупниот берзански промет остварен со класично тргување изнесуваше 511,7 милиони денари, додека на неофицијалниот пазар беа тргувани акции во вредност од 37,6 милиони денари, или 6,8% од класичното берзанско тргување. На официјалниот пазар, квартален пораст од 5,5% забележа тргувањето со акции на котирани друштва на Македонската берза. Притоа, на официјалниот пазар се котирани 92 друштва, чија вкупна пазарна капитализација изнесува 17.625 милиони денари. Истовремено, од 01.03.2004 година на официјалниот пазар на Македонската берза започна тргувањето со третата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија. Вкупниот износ на емисијата е 47 милиони евра со камата од 2%

годишно. Главнината и каматата се отплатуваат во 10 годишни рати, започнувајќи од 01.06.2005 година.

На неофицијалниот пазар, значително квартално намалување забележа тргувањето со конвертибилни сертификати издадени од државата за обесштетување на штедачите од пропаднатите штедилници, чие учество во берзанскиот промет изнесуваше 0,5%. Во првиот квартал од 2004 година, вредноста на трансакциите остварени на државниот сегмент достигна 67,7 милиони денари, што претставува пад од 82,8% во споредба со четвртиот квартал од 2003 година (тргување со акции, удели и побарувања во сопственост на државата беше регистрирано единствено во јануари). Блок трансакциите* (институционално тргување помеѓу поголеми институционални инвеститори) во вкупниот промет реализиран на берзата учествуваа со 33,3% (42,8% во четвртиот квартал од 2003 година).

Вкупниот берзански промет (со блок трансакции и државен сегмент) во периодот јануари-март 2004 година изнесуваше 929,1 милион денари (намалување од 53,4% споредено со четвртиот квартал од претходната година).

Берзански промет и берзански индекс (МБИ)




Македонскиот Берзански Индекс (МБИ), како непондериран индекс во кој се вклучени петте најликвидни обични акции на друштва кои котираат на официјалниот пазар и обврзницата за старото девизно штедење РМ01, во март 2004 година изнесуваше 1.238,2 поени, што претставува пораст од 5,1% во споредба со нивото од декември 2003 година.

*Берзански трансакции во кои се тргува со најмалку 10% од вредноста на претпријатието (основна главнина) или е реализиран промет над 5.000.000 денари.

*Извор: Македонска берза на долгорочни хартии од вредност.*

# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-III. 2004 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | III.2004 | 356,9 | 8,5 | 963,6 | 16,7 |
| **Извоз** | III.2004 | 126,3 | -3,5 | 358,6 | 22,1 |
| **Увоз** | III.2004 | 230,6 | 16,5 | 604,9 | 13,8 |
| **Салдо** | III.2004 | -104,3 | 55,7 | -246,3 | 3,4 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | III.2004 | 1.737,0 | -1,0 | | -1,9 |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | III.2004 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 50,30 | 2,1 | | -11,9 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,30 | 0,0 | | 0,1 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Надворешно-трговска размена[12]

*Зголемена стоковна размена во првиот квартал од 2004 година...*

Обемот на стоковна размена со странство во првиот квартал од 2004 година во однос на истиот период од 2003 година беше повисок за 16,7% и изнесуваше 963,6 милиони САД долари. Повисокиот обем на размена во првиот квартал е остварен во услови на истовремен пораст на извозот и увозот. Притоа, регистрирани се позитивни структурни придвижувања во насока на релативно поинтензивно зголемување на извозот (за 22,1%) во однос на увозот на стоки (за 13,8%). Анализирајќи од динамичен аспект, движењата на стоковната размена во првиот квартал во целост кореспондираат со месечната динамика на економската активност (месечен пад на индустриското производство во јануари и зголемување во февруари и март 2004 година). Имено, во јануари 2004 година, како резултат на сезонските фактори (намален број на работни денови) и следствено намален извоз и увоз на стоки беше регистрирано вообичаено намалување на размената (месечен пад од 21,2%). Највисок месечен раст на размената со странство од 18,3% беше остварен во февруари, во услови на раст на извозот и увозот на стоки, а во март и покрај забавената динамика (главно поради благиот пад на извозот), тенденцијата на зголемување на размената и понатаму се задржа (пораст од 8,5%).

*...при истовремен пораст на извозот и увозот на стоки*

Од аспект на компонентите на размената, во првиот квартал од 2004 година извозот на стоки изнесуваше 358,6 милиони САД долари, што во однос на првиот квартал од 2003 година претставува зголемување за 65 милиони САД долари. Зголемениот извоз во најголем дел е резултат на повисокиот извоз на тутун и производи на тутун, кој се зголеми за речиси 2,5 пати. Обновените договори во текстилната индустрија, како и поволните услови на светскиот пазар за пласирање на челикот резултираа со зголем пласман на текстилни производи и железо и челик (за 29,1% и 14,8%, соодветно во однос на истиот период од претходната година). Увозот на стоки во првиот квартал од 2004 година изнесуваше 604,9 милиони САД долари, односно се зголеми за 73,2 милиони САД долари. Притоа, позначајни категории кои влијаеа на зголемувањето на увозот се категориите жита и возила. Имено, во услови на недостиг на пченица, во февруари и март беше увезена пченица во износ од 17,8 милиони САД долари, со што оваа категорија се зголеми за речиси 2,5 пати во однос на истиот период од претходната година. Пораст од 31,8% беше регистриран и кај категоријата возила, главно детерминиран од намалените царински давачки (од 01.01.2004 година). Ваквите движења на извозот и увозот на стоки резултираа со продлабочување на дефицитот во стоковната размена на Република Македонија во првиот квартал од 2004, кој во однос на истиот период од 2003 година се зголеми за 3,4% и изнесуваше 246,3 милиони САД долари.

[12] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.

Графикон 29
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




*Европската Унија има највисоко учество во вкупниот извоз и увоз на Република Македонија*

Анализирано според групации на земји, Европската Унија и понатаму доминира во вкупната размена со странство. Во првиот квартал од 2004 година во однос на истиот период од 2003 година, Европската Унија ја зајакна позицијата на најзначаен трговски партнер на Република Македонија, зголемувајќи го учеството во вкупниот извоз (за 2,7 процентни поени) и намалувајќи го учеството во увозот (за 4 процентни поени). Со тоа, оваа групација на земји, веќе традиционално, има најголемо учество во вкупниот извоз и увоз на Република Македонија (59,7% и 42,1%, соодветно). Во периодот јануари-март 2004 година не се регистрирани позначајни промени во размената со републиките од поранешна СФРЈ, додека зголемениот увоз на железо и челик услови пораст на увозот од земјите на централна и источна Европа за 4,6 процентни поени, во услови на пораст на учеството на извозната страна за 2,7 процентни поени.

Графикон 30
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји




Анализата на трговската размена на Република Македонија од аспект на поодделни земји укажува на постојана структура на учесниците во размената. Имено, и во првиот квартал од 2004 година, во вкупната размена и понатаму доминираат Германија, Грција и Србија и Црна Гора, зафаќајќи 39,8% од вкупно остварената размена на Република Македонија со странство. Притоа, овие земји остваруваат најголемо учество на извозната и на увозната страна. Од останатите земји, највисоко учество на увозната

страна остварува Русија (при регистриран пораст од 6 процентни поени во однос на истиот период од претходната година), што се должи на увозот на нафта.

*Повисока стапка на покриеност на увозот со извоз*

Во првиот квартал од 2004 година, релативно повисокиот раст на извозот во однос на увозот на стоки, резултираше со повисока стапка на покриеност на увозот со извоз. Така, стапката на покриеност изнесуваше 59,3% и во однос на истиот период од претходната година е повисока за 4,1 процентен поен. Притоа, во рамките на десетте најзначајни трговски партнери, позитивно салдо во размената е остварено единствено со три земји: Хрватска (33,9%), Франција (20%) и Србија и Црна Гора (16,4%).

## 3.2. Девизни движења

*Во првиот квартал од 2004 година прометот на девизниот пазар понизок за 2,5% споредено со четвртиот квартал од претходната година ...*

*...при непроменето ниво на девизниот курс на денарот во однос на еврото...*

*...и депресијација на денарот во однос на американскиот долар*

Во периодот јануари-март 2004 година во споредба со четвртиот квартал од 2003 година прометот на девизниот пазар забележа намалување од 2,5%, при што вкупната вредност на реализираните купопродажни трансакции во текот на првиот квартал достигна 841,4 милиони САД долари. Трансакциите остварени меѓу банките и претпријатијата сочинуваат 80,9% од вкупниот промет на девизниот пазар во текот на кварталот. Притоа, кварталната анализа покажува постојано повисока побарувачка од понудата на девизи на претпријатијата, при што оваа дискрепанца беше најизразена во јануари. Во функција на одржување на стабилноста на девизниот курс, во текот на првиот квартал НБРМ активно учествуваше на девизниот пазар. Притоа, во првиот месец од годината, НБРМ изврши нето-продажба на девизни средства на девизниот пазар. Стабилизирањето на побарувачката за девизи, во комбинација со мерките на монетарната политика од средината на февруари 2004 година, резултираа со нето-откуп на девизи од страна на НБРМ во февруари и март. На кумулативна основа интервенциите на НБРМ беа во насока на нето-откуп на девизни средства на девизниот пазар. На крајот на март 2004 година на девизниот пазар се разменуваа 61,30 денари за едно евро, што претставува речиси непроменето ниво во споредба со 31.12.2003 година. Од друга страна, во однос на американскиот долар денарот депресираше на месечна основа за 2,1% (на 31.03.2004 година на девизниот пазар се разменуваа 50,30 денари за еден американски долар), додека во однос на крајот на 2003 година денарот депресираше за 2,5%. Имено, односот помеѓу денарот и американскиот долар зависи од движењата помеѓу американскиот долар и еврото на светските девизни берзи. Така, на 26.03.2004 година еврото се наоѓаше на овогодишен минимум во однос на американскиот долар (на светските берзи се тргуваше под ниво од 1,2056 долари за едно евро), што главно се должи на порастот на довербата на потрошувачите и личната потрошувачка во САД[13]. Сепак, споредено со март 2003 година, вредноста на денарот во однос на американскиот долар е зголемена за 11,9%.

[13] Извор: Raiffeisenbank Austria dd Zagreb.

Графикон 31
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Прометот со девизни средства на менувачкиот пазар забележа квартално намалување од 20%*

Во првиот квартал од 2004 година, прометот на менувачкиот пазар изнесуваше 303,1 милион САД долари и споредено со четвртиот квартал од 2003 година беше понизок за 20%. Притоа, понудата и побарувачката за девизни средства на менувачкиот пазар беа пониски на квартална основа за 17% и 24,6%, соодветно. Во услови на повисока понуда од побарувачка за девизни средства, во првиот квартал од 2004 година од страна на менувачниците беше реализиран нето-откуп од 78,8 милиони САД долари. Анализирано по месеци, побарувачката за девизни средства беше релативно стабилна и во просек изнесуваше 37,4 милиони САД долари. Во март 2004 година просечниот курс на денарот во однос на еврото на менувачкиот пазар изнесуваше 61,52 денари за едно евро (речиси без промена во однос на февруари), додека во однос на американскиот долар[14] денарот забележа месечна депресијација од 3% (во просек во март 2004 година се разменуваа 49,32 денари за еден американски долар). Просечниот месечен девизен курс на денарот во однос на еврото на менувачкиот пазар е речиси непроменет во однос на декември 2003 година, додека во однос на американскиот долар денарот депресираше за 0,2%.

Графикон 32
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на американскиот долар и еврото на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




[14] Курсот на американскиот долар е преземен од курсната листа за менувачко работење на НБРМ.

*Пониско ниво на бруто девизните резерви на НБРМ...*

Во услови на истовремено намалување на вкупните девизни средства на НБРМ и на деловните банки, вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија во однос на крајот од претходната година е понизок за 57,4 милиони САД долари и на крајот на март 2004 година се сведе на 1.611,3 милиони САД долари. Бруто девизните резерви на НБРМ на 31.03.2004 година изнесуваа 901,9 милиони САД долари, што во однос на крајот од претходната година претставува намалување од 1,5 милиони САД долари. Во услови на нето-откуп на девизни средства од деловните банки на девизниот пазар од страна на НБРМ, намалувањето се должи на поголемите повлекувања (во согласност со отплатите на надворешниот долг) од приливи на сметката на државата и на евидентираните негативни курсни разлики. На месечна основа, бруто девизните резерви на НБРМ се повисоки за 18,3 милиони САД долари. Порастот главно е резултат на реализираниот нето-откуп на девизни средства од деловните банки, како и на приливите врз основа на камати на депонираните девизни средства во странски банки.

Графикон 33
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...и девизните средства кај депозитните банки*

И покрај дополнителните девизни приливи врз основа на пораст на девизните депозити на економските субјекти кај банките од 16,8 милиони САД долари, девизните средства кај депозитните банки во март 2004 година, споредено со крајот на претходната година бележат намалување од 33,7 милиони САД долари. Негативната динамика на девизните средства кај банките делумно кореспондира со нето-откупот на девизни средства од деловните банки од страна на НБРМ.

**Политиката на девизен курс на новите членки на ЕУ**

Влегувањето на десетте нови членки во Европската Унија на 01.05.2004 година, имплицира статус на “Member State with a derogation”, што значи обврска за влез во Европската Монетарна Унија (ЕМУ) по исполнувањето на условите за влез (пред сé “Критериумите од Мастрихт”). Еден од овие критериуми е и критериумот за стабилност на девизниот курс, односно партиципација во т.н. Exchange Rate Mechanism II (ERM II) најмалку две години пред влезот во ЕМУ. Со самиот влез во Европската Унија, централните банки на новите членки станаа дел од Европскиот систем на централни банки (во кој партиципираат Европската централна банка (ЕЦБ) и централните банки на сите земји членки на ЕУ) и се обврзани да ја третираат нивната политика на девизен курс како прашање од заеднички интерес.

*1. Механизам на девизни курсеви II (ERM II)*

Со воведувањето на еврото во јануари 1999 година, дотогашниот мултилатерален Механизам на девизни курсеви (ERM) беше заменет со нов билатерален Механизам на Девизни Курсеви 2 - ERM II. Потребата од нов механизам на девизни курсеви се јави поради неприфаќањето на еврото од страна на одредени членки на ЕУ, како и поради очекуваното проширување на Унијата[15]. ERM II претставува механизам за фиксирање на валутите на земјите-членки со еврото, во рамките на определени маргини на флуктуирање.

Како основни карактеристики на ERM II можат да се наведат следниве:

1. Централен паритет и маргини на флуктуирање на валутите на одделните земји во однос на еврото, кои се поставуваат преку заедничка процедура;
2. Стандардни маргини на флуктуирање од ±15%, при што не е исклучена можноста за поставување на потесни маргини;
3. Автоматска интервенција од страна на ЕЦБ и националната централна банка (НЦБ), во случај на приближување на девизниот курс кон дефинираните маргини. Доколку постои потреба од интервенции во рамките на маргините (интра-маргинална интервенција), тие може, но и не мора да се поддржани од страна на ЕЦБ;
4. ЕЦБ и НЦБ имаат формално право да ги суспендираат интервенциите, кои потенцијално можат да ја загрозат ценовната стабилност;
5. Промена на централниот паритет може да се направи со заедничка процедура, за чие иницирање право имаат и ЕЦБ и земјата членка на ERM II.

Основните цели на ERM II се:

- да обезбеди услови за непречено функционирање на пазарот на ЕУ и стабилност на еврото;
- да ја интензивира конвергенцијата помеѓу еврозоната и надворешните членки;
- да обезбеди непречен влез на надворешните членки во ЕМУ.

*1.1. Предности и слабости на членството во ERM II*

Влезот во ERM II претставува транзиторен режим до конечното воведување на еврото како единствена валута. Притоа, тој има карактер на режим на фиксен девизен курс, што значи дека претпоставува водење на конзистентна макроекономска политика и одржување на вкупната макроекономска стабилност. Ефектите од ERM II можеме да ги класифицираме во три групи:

1. ***Стабилизациони ефекти***, кои треба да произлезат од објавувањето на централниот паритет. Имено, ова треба да има сигнализирачки ефект за финансиските пазари и треба да ги редуцира осцилациите на девизниот курс. Сепак, во практиката овие ефекти можат да бидат ограничени заради можноста од промена на централниот паритет (што потенцијално го загрозува кредибилитетот и сигнализирачката улога). Воедно,

[15] Во моментов единствена членка на ERM II е Данска, која го одржува својот девизен курс во маргини од ±2,25%.

широките маргини на флуктуација од +/-15% имаат мал капацитет за сигнализирање;

2. ***Ефекти врз конзистентноста на макроекономската политика***, како резултат на дисциплинирачкиот ефект на режимот на фиксен девизен курс врз водењето на мекроекономската политика. Сепак, во услови на висока либерализација на капиталните текови, потребата за одржување на маргини на флуктуирање на девизниот курс може да предизвика проблеми;
3. Ефекти ***врз стабилноста на инфлацијата***, кои во услови на фиксен девизен курс произлегуваат од стабилноста на увозните цени и стабилизираните инфлациони очекувања. Сепак, ова многу повеќе се однесува на тесните маргини на флуктуација, отколку на дозволени осцилации на девизниот курс во интервал од ±15%.

*2. Критериум за стабилност на девизниот курс*

Членството во ERM II во период од минимум две години не значи и потполно исполнување на мастришкиот критериум за стабилност на девизниот курс (како еден од критериумите за влез во ЕМУ). Имено, исполнување на овој критериум подразбира членство во ERM II и истовремено одржување на стабилен девизен курс. Оцената на политиката на девизен курс на земјата-кандидат за влез во ЕМУ, односно исполнувањето на критериумот на стабилност на девизниот курс претпоставува неколку елементи:

1. Задолжително членство во ERM II, најмалку две години пред оцената на исполнувањето на критериумите за влез во ЕМУ;
2. Во рамките на овој двегодишен период централниот паритет не смее да се корегира надолу (корекција нагоре е дозволена имплицитно);
3. Имплицитно, одржувањето на стабилен девизен курс значи одржување на флуктуациите на девизниот курс во рамките на маргини од ±2,25%[16] (многу потесен во однос на маргините дозволени со ERM II) во однос на централниот паритет утврден со ERM II, без поголеми притисоци и изразени интервенции на девизниот пазар. Тоа значи дека одржувањето на девизниот курс во маргините со прекумерни интервенции и непазарни инструменти би можело да се оцени како неуспешно одржување на стабилноста на девизниот курс. Притоа, ќе биде потребно да се оцени времетраењето на отстапувањето, причините и начинот на интервенирање (преку каматните стапки или интервенции на девизен пазар).

## 3.3. Надворешен долг[17]

***Во март 2003 година е регистрирано намалување на надворешниот долг...***

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити на крајот на март 2004 година изнесува 1.737 милиони САД долари, што во однос на 31.12.2003 година претставува намалување од 33,7 милиони САД долари. Намалувањето на долгот е резултат на поголемите отплати од користења на средства во текот на првиот квартал, како и на евидентираните негативни

[16] Ова се заклучоци на Централната банка на Чешка, како резултат на консултациите со претставници на ЕЦБ (објавени во соопштение до чешката влада од 17 јули 2003 година).
[17] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.

курсни разлики, заради благата апресијација на американскиот долар во однос на еврото.

*...при што во текот на првиот квартал се повлечени 44милиони САД долари...*

Во текот на првиот квартал од 2004 година, повлекувањата по веќе одобрени долгорочни кредити изнесуваат 44 милиони САД долари. Од нив, 36,1 милион САД долари потекнуваат од официјалните кредитори, а остатокот се средства повлечени од приватните кредитори. Анализирано по месеци, најголем износ на средства е повлечен во јануари (24 милиони САД долари , во најголем дел врз основа на одобрени кредити од Светската банка и Меѓународната агенција за развој). Повлекувањата од официјалните кредитори во февруари (главно од Светската банка и Меѓународната агенција за развој) изнесуваа 5,6 милиони САД долари, додека од приватните кредитори беа повлечени 3,9 милиони САД долари. Во март повлекувањата од официјалните кредитори достигнаа 7,8 милиони САД долари, од кои најголем дел отпаѓа на кредитот од Европската инвестициона банка, додека користењата на средства од приватните кредитори изнесуваше 2,7 милиони САД долари.

*...додека вкупните отплати изнесуваат 82,5 милиони САД долари*

Вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити во текот на првиот квартал од 2004 година изнесуваат 82,5 милиони САД долари (отплатите врз основа на главнина изнесуваат 68,8 милиони САД долари, додека врз основа на камата се отплатени 13,7 милиони САД долари).

Новосклучените кредити со странските кредитори во текот на првиот квартал од 2004 година изнесуваат 19,8 милиони САД долари. Во текот на јануари и март, нови кредити се склучени единствено со приватни кредитори (главно странски банки и странски финансиски институции), додека во февруари новосклучените кредити речиси во целост потекнуваат од официјалните кредитори (Европската банка за обнова и развој).

Графикон 34
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)



# Статистички прилог

## I. Економски движења во Република Македонија

### 1.1. Цени

**Табела 1**
Трошоци на животот и цени на мало

| | III.2004 / II.2004 | III.2004 / III.2003 | I-III.2004 / I-III.2003 |
|---|---|---|---|
| | | во % | |
| **Трошоци на животот** | **-0,1** | **1,4** | **1,6** |
| Исхрана | -0,3 | -0,7 | -0,2 |
| Тутун и пијалоци | -0,1 | 1,7 | 2,2 |
| Облека и обувки | -0,7 | 1,4 | 2,2 |
| Домување | -0,4 | 4,3 | 4,5 |
| Стан (станарина, вода, услуги) | -2,3 | 0,4 | 1,8 |
| Огрев и осветление | 0,1 | 5,6 | 5,6 |
| Хигиена и здравје | -0,2 | 6,2 | 6,4 |
| Култура и разонода | 1,0 | 3,0 | 2,5 |
| Сообраќајни средства и услуги | 0,9 | 2,1 | 1,5 |
| *Стоки* | *-0,1* | *0,7* | *1,0* |
| *Услуги* | *-0,1* | *5,0* | *4,9* |
| **Цени на мало** | **0,0** | **1,5** | **1,7** |
| Земјоделски производи | 0,0 | 2,1 | 2,6 |
| Непрехранбени индустриски производи | 0,5 | 1,3 | 1,1 |
| Индустриско - прехранбени производи | -0,5 | -2,9 | -2,1 |
| Пијалаци | -0,6 | -3,1 | -0,5 |
| *Стоки* | *0,2* | *0,2* | *0,4* |
| *Услуги* | *-0,2* | *4,3* | *4,3* |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Табела 2**
Цени на производителите на индустриски производи

| | III.2004 / II.2004 | III.2004 / III.2003 | I-III.2004 / I-III.2003 |
|---|---|---|---|
| | | во % | |
| **Цени на производители на индустриски производи** | **0,8** | **-0,9** | **-1,5** |
| Енергија | 3,4 | -4,7 | -6,4 |
| Интермедијарни производи, освен енергија | 0,3 | 3,5 | 2,9 |
| Капитални производи | 0,0 | -1,8 | -1,9 |
| Трајни производи за широка потрошувачка | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | -0,2 | -3,4 | -3,1 |
| *Вадење руди и камен* | *0,0* | *0,6* | *0,6* |
| *Преработувачка индустрија* | *1,0* | *-1,1* | *-1,9* |
| Производство на прехранбени производи и пијалаци | -0,1 | -3,6 | -3,6 |
| Производство на тутунски производи | 0,0 | -0,2 | -0,2 |
| Производство на текстилни ткаенини | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Производство на предмети за облека; доработка и боење на крзно | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво | 10,0 | -32,1 | -16,6 |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Производство на производи од други неметални минерали | 0,0 | 0,1 | -0,3 |
| Производство на основни метали | 0,0 | 2,4 | 2,5 |
| Производство на електрични машини и апарати | 0,8 | 13,3 | 11,0 |
| *Снабдување со електрична енергија, гас и вода* | *0,0* | *0,0* | *0,0* |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Табела 3**
Потрошувачка кошничка за ихрана и пијалоци*

| | Износи | | | Месечна промена | | | Годишна промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I.2004 | II.2004 | III.2004 | I.2004 / XII.2003 | II.2004 / I.2004 | III.2004 / II.2004 | I.2004 / I.2003 | II.2004 / II.2003 | III.2004 / III.2003 |
| | во денари | | | во % | | | во % | | |
| **Вкупно** | **10.440** | **10.279** | **10.233** | **0,7** | **-1,5** | **-0,4** | **1,7** | **0,4** | **0,1** |
| Жито и производи од жито | 1.988 | 1.986 | 1.971 | 1,0 | -0,1 | -0,8 | -0,9 | -0,9 | -1,7 |
| Свеж и преработен зеленчук | 1.581 | 1.551 | 1.491 | 4,9 | -1,9 | -3,9 | 18,3 | 13,0 | 7,4 |
| Свежо и преработено овошје | 729 | 700 | 715 | -2,7 | -4,0 | 2,1 | -0,8 | -4,9 | -1,2 |
| Свежо и преработено месо | 2.354 | 2.315 | 2.314 | 0,1 | -1,7 | 0,0 | -1,4 | -2,1 | -1,6 |
| Маснотии | 402 | 396 | 395 | -1,0 | -1,5 | -0,3 | -2,0 | -3,4 | -3,4 |
| Млеко и млечни производи | 1.649 | 1.629 | 1.652 | 0,5 | -1,2 | 1,4 | -1,7 | -0,7 | 1,2 |
| Останати прехранбени производи | 1.737 | 1.702 | 1.695 | -0,6 | -2,0 | -0,4 | 1,7 | -0,6 | -1,1 |

*Сите производи од категоријата исхрана и пијалоци кои ја сочинуваат кошницата, се одредени како просечни месечни потреби на едно четиричлено неземјоделско домаќинство и тој список на производи е константен (исти производи - исти количества) во текот на една година.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

## 1.2. Економска активност

**Табела 4**
Индустриско производство во Република Македонија

| | структура во % | III.2004 / II.2004 | III.2004 / III.2004 во % | I-III.2004 / I-III.2003 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **100,0** | **17,5** | **-32,9** | **-26,1** |
| Енергија | | 20,2 | -18,0 | -1,5 |
| Интермедијарни производи, освен енергија | | 10,2 | -59,2 | -47,9 |
| Капитални производи | | 17,9 | -64,1 | -50,1 |
| Трајни производи за широка потрошувачка | | 30,5 | -65,5 | -55,8 |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | | 23,6 | 35,7 | 7,2 |
| ***Вадење руди и камен*** | ***3,2*** | ***60,9*** | ***-49,0*** | ***-62,4*** |
| ***Преработувачка индустрија*** | ***89,9*** | ***17,4*** | ***-35,0*** | ***-27,1*** |
| Производство на прехранбени производи и пијалаци | 24,9 | 3,8 | 34,2 | 6,1 |
| Производство на тутунски производи | 5,0 | 45,2 | -20,5 | -15,0 |
| Производство на текстилни ткаенини | 4,3 | 1,0 | -22,2 | -35,1 |
| Производство на предмети за облека; доработка и боење на крзно | 4,5 | 15,5 | 10,1 | -3,1 |
| Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво | 7,0 | 37,5 | -42,3 | -13,8 |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 7,2 | 3,0 | -40,9 | -22,4 |
| Производство на производи од други неметални минерали | 4,6 | 76,8 | -17,7 | -24,9 |
| Производство на основни метали | 16,4 | -2,1 | -78,8 | -66,5 |
| Производство на електрични машини и апарати | 4,0 | -8,5 | -66,4 | -63,9 |
| ***Снабдување со електрична енергија, гас и вода*** | ***6,9*** | ***13,3*** | ***0,4*** | -3,9 |

**Табела 5**
Промет во трговија

| | износи | | | месечна промена | | годишна промена | | просечна промена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I.2004** | **II.2004*** | **I-II.2004** | **I.2004 / XII.2003** | **II.2004 / I.2004** | **I.2004 / I.2003** | **II.2004 / II.2003** | **I-II.2003 / I-II.2002** |
| | милиони денари | | | во% | | во% | | во% |
| **Промет во трговија - вкупно** | **11.369** | **12.658** | **24.027** | **-16,0** | **11,3** | **17,6** | **22,1** | **19,9** |
| Трговија на мало | 4.627 | 4.743 | 9.370 | -12,3 | 2,5 | 18,3 | 23,1 | 20,7 |
| Трговија на големо | 6.742 | 7.915 | 14.657 | -18,3 | 17,4 | 17,1 | 21,5 | 19,4 |

**Табела 6**
Вредност на договорени и извршени градежни работи

| | Износи | | | месечна промена | | годишна промена | | просечна помена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I.2004 | II.2004* | I-II.2004 | I.2004 / XII.2003 | II.2004 / I.2004 | I.2004 / I.2003 | II.2004 / II.2003 | I-II.2004 / I-II.2004 |
| | износ во милиони денари | | | во% | | во% | | во% |
| **Вредност на договорени градежни работи** | 4.424 | 293 | 4.717 | 31,2 пати | -93,4 | -17,6 | -10,8 | -17,2 |
| **Вредност на извршени градежни работи** | 279 | 488 | 767 | -61,5 | 75 | -28,1 | 43,2 | 5,3 |

## 1.3. Останати макроекономски движења

**Табела 7**
Вработени по сектори и дејности

| | I-II.2004 | |
|---|---|---|
| | **просечен број на вработени** | **структура во %** |
| **Вкупно** | ***266.932*** | **100,0** |
| ***Земјоделство*** | ***10.805*** | ***4,1*** |
| Земјоделство, лов и шумарство | 10.544 | 4,0 |
| Рибарство | 261 | 0,1 |
| ***Индустрија*** | ***124.418*** | ***46,6*** |
| Вадење на руди и камен | 4.919 | 1,8 |
| Преработувачка индустрија | 83.420 | 31,3 |
| Снабдување со електрична енергија, гас и вода | 14.248 | 5,3 |
| Градежништво | 21.831 | 8,2 |
| ***Услуги*** | ***131.710*** | ***49,3*** |
| Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и за домаќинства | 20.338 | 7,6 |
| Хотели и ресторани | 4.127 | 1,5 |
| Сообраќај, складирање и врски | 16.696 | 6,3 |
| Финансиско посредување | 6.188 | 2,3 |
| Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 6.444 | 2,4 |
| Јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита | 13.733 | 5,1 |
| Образование | 27.991 | 10,5 |
| Здравство и социјална работа | 28.026 | 10,5 |
| Други комунални услуги, општи и лични услужни активности | 8.166 | 3,1 |

**Табела 8**
Просечна нето плата

| | II.2004 | I-II.2004 | II.2004 / I.2004 | II.2004 / II.2003 | I-II.2004 / I-II.2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| | во денари | | во % | | |
| **Номинална просечна нето плата по работник** | **12.102** | **11.983** | **2,0** | **6,1** | **3,5** |
| Трошоци на животот | | | -0,9 | 1,4 | 1,7 |
| **Реална просечна нето плата по работник** | | | **2,9** | **4,6** | **1,8** |
| **Номинална просечна нето плата по сектори:** | | | | | |
| Земјоделство | 9.075 | 9.372 | -13,4 | 22,6 | 9,1 |
| Индустрија | 11.703 | 11.937 | -4,1 | 4,6 | 3,3 |
| Услуги | 13.674 | 13.677 | 0,0 | 3,8 | 2,6 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

**Табела 9**
Централен буџет на Република Македонија

| | Март 2004 | | | Јануари-март 2004 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ во милиони денари | Месечена промена во % | Структура во % | износ во милиони денари | Кумулативна промена (2003/2002) во % | Структура во % |
| **Вкупни буџетски приходи** | **5.538** | **36,5** | **100,0** | **14.102** | **10,3** | **100,0** |
| *Даночни приходи:* | *4.569* | *18,1* | *82,5* | *12.556* | 5,7 | *89,0* |
| - персонален данок на доход | 657 | 14,1 | 11,9 | 1.738 | 3,6 | 12,3 |
| - данок од добивка | 518 | 72,7 | 9,4 | 958 | -19,3 | 6,8 |
| - данок на додадена вредност | 2.016 | 4,7 | 36,4 | 6.103 | 25,3 | 43,3 |
| - акцизи | 830 | 30,9 | 15,0 | 2.349 | 0,8 | 16,7 |
| - царини | 499 | 31,3 | 9,0 | 1.228 | -25,8 | 8,7 |
| -останати даноци | 49 | -7,5 | 0,9 | 180 | 13,2 | 1,3 |
| *Неданочни приходи:* | *893* | *6,1 пати* | *16,1* | *1.371* | *77,4* | *9,7* |
| -профит од јавни и финансиски инстуитуции* | 725 | - | 13,1 | 793 | 5,9 пати | 5,6 |
| - административни такси и надоместоци | 137 | 11,4 | 2,5 | 358 | 15,1 | 2,5 |
| - останати административни такси | 24 | 20,0 | 0,4 | 64 | 52,4 | 0,5 |
| - останати неданочни приходи | 7 | 75,0 | 0,1 | 156 | -45,3 | 1,1 |
| *Капитални приходи* | *76* | *81,0* | *1,4* | *175* | *27,7* | *1,2* |
| **Вкупни буџетски расходи** | **4.741** | **12,6** | **100,0** | **13.100** | **5,2** | **100,0** |
| *Тековни трошоци* | *4.311* | *6,1* | *90,9* | *12.415* | *5,7* | *94,8* |
| - плати и наемнини | 1.761 | 6,4 | 37,1 | 5.135 | 3,7 | 39,2 |
| - стоки и услуги | 676 | 3,8 | 14,3 | 1.797 | 35,3 | 13,7 |
| - трансфери | 1.740 | 6,5 | 36,7 | 4.924 | 10,9 | 37,6 |
| - камати | 134 | 42,6 | 2,8 | 531 | -31,4 | 4,1 |
| *Капитални трошоци* | *430* | *3,0 пати* | *9,1* | *685* | *52,2* | *5,2* |
| ***Буџетско салдо*** | ***797*** | | | | | |

Извор: Министерство за финансии на Република Македонија

**Табела 10**
Вкупни приходи и расходи на фондовите
(во милиони денари)

| | Март 2004 година | | | | Јануари-Март 2004 година | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупни приходи | | Вкупни расходи | | Вкупни приходи | | Вкупни расходи | |
| | износ | месечна промена во % | износ | месечна промена во % | износ | кумулативна промена % | износ | кумулативна промена % |
| ***Социјални фондови*** | ***4.460*** | ***10,2*** | ***4.471*** | ***7,8*** | ***12.077*** | ***7,1*** | ***12.373*** | ***11,2*** |
| - за пензиско и инвалидско осигурување | 2.474 | 7,2 | 2.581 | 8,6 | 6.847 | 2,0 | 7.128 | 8,3 |
| - за здравствено осигурување | 1.385 | 22,7 | 1.273 | 9,6 | 3.455 | 11,4 | 3.449 | 12,7 |
| - за вработување | 601 | -1,6 | 617 | 1,3 | 1.775 | 21,2 | 1.796 | 21,3 |
| ***Фонд за патишта*** | ***476*** | ***4,4 пати*** | ***465*** | ***4,5 пати*** | ***694*** | ***26,4*** | ***673*** | ***42,7*** |

Извор: Министерство за финансии на Република Македонија

**Табела 11**
Консолидиран буџет
(во милиони денари)

| | I.2004 | II | III | I-III.2004 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | износ | стуктурно учество во % |
| **Вкупни приходи** | **6.527** | **6.449** | **8.233** | **21.208** | **100,0** |
| **Даноци и придонеси:** | **5.984** | **6.088** | **7.059** | **19.131** | **90,2** |
| *Даноци:* | *4.178* | *3.911* | *4.619* | *12.708* | *59,9* |
| - персонален данок на доход | 505 | 576 | 657 | 1.738 | 8,2 |
| - данок од добивка | 140 | 300 | 518 | 958 | 4,5 |
| - данок на додадена вредност | 2.161 | 1.926 | 2.016 | 6.103 | 28,8 |
| - акцизи | 945 | 676 | 880 | 2.501 | 11,8 |
| - царини | 349 | 380 | 499 | 1.228 | 5,8 |
| -останати даноци | 78 | 53 | 49 | 180 | 0,8 |
| *Придонеси* | *1.807* | *2.176* | *2.440* | *6.423* | *30,3* |
| **Неданочни приходи:** | **486** | **319** | **1.098** | **1.903** | **9,0** |
| -профит од јавни и финансиски инстуитуции | 68 | 0 | 725 | 794 | 3,7 |
| - административни такси и надоместоци | 98 | 123 | 137 | 358 | 1,7 |
| - приходи од партиципација | 35 | 61 | 57 | 154 | 0,7 |
| - останати административни такси | 20 | 20 | 24 | 64 | 0,3 |
| - останати неданочни приходи | 162 | 12 | 20 | 194 | 0,9 |
| - надоместок за употреба на автопат | 103 | 102 | 135 | 340 | 1,6 |
| **Капитални приходи** | **57** | **42** | **76** | **175** | **0,8** |
| **Вкупни расходи** | **6.351** | **6.696** | **7.515** | **20.562** | **100,0** |
| **Тековни трошоци** | **6.200** | **6.512** | **7.038** | **19.750** | **96,1** |
| - плати и наемнини | 1.735 | 1.698 | 1.796 | 5.229 | 25,4 |
| - стоки и услуги | 561 | 745 | 863 | 2.169 | 10,5 |
| - трансфери | 3.600 | 3.948 | 4.237 | 11.785 | 57,3 |
| - камати | 303 | 94 | 141 | 538 | 2,6 |
| **Капитални трошоци** | **151** | **183** | **477** | **812** | **3,9** |
| ***Буџетско салдо*** | ***176*** | ***-247*** | ***718*** | ***646*** | |

# II. Монетарни движења во Република Македонија

## 2.1. Монетарно регулирање

**Табела 12**
Примарни пари

| | Состојба 31.12.2003 година | Промени по месеци | | | | Состојба 31.03.2004 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | јануари | февруари | март | Вкупно | |
| **Примарни пари** | **18.252** | **-1.998** | **323** | **-1.143** | **-2.818** | **15.434** |
| Готови пари во оптек | 14.177 | -772 | -234 | -218 | *-1.224* | **12.953** |
| Ликвидни средства на банките | 4.075 | -1.226 | 557 | -925 | -1.594 | 2.481 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

## 2.2. Монетарни агрегати

**Табела 13**
Монетарен агрегат М1

| | Состојба 31.12.2003 | Промени по месеци | | | Вкупно | Состојба 31.03.2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | јануари | февруари | март | | |
| **Парична маса М1** | 27.273 | -1.620 | -190 | -150 | -1.960 | 25.313 |
| **Готови пари во оптек** | 14.177 | -772 | -234 | -218 | -1.224 | 12.953 |
| **Депозитни пари** | 13.096 | -848 | 44 | 68 | -736 | 12.360 |
| - Депозитни пари на население | 2.712 | -50 | 140 | -83 | 7 | 2.719 |
| - Депозитни пари на претпријатија | 8.507 | -723 | -39 | 69 | -693 | 7.814 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

**Табела 14**
Пошироки монетарни агрегати

| | Состојба 31.12.2003 | Промени по месеци | | | Вкупно | Состојба 31.03.2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | јануари | февруари | март | | |
| **Монетарен агрегат М1** | 27.273 | -1.620 | -190 | -150 | -1.960 | 25.313 |
| **Краткорочни денарски депозити** | 15.568 | 458 | 144 | -997 | -395 | 15.173 |
| ***Монетарен агрегат М2 - денарски дел*** | 42.841 | -1.162 | -46 | -1.147 | -2.355 | 40.486 |
| **Краткорочни девизни депозити** | 33.187 | 1.655 | -805 | 618 | 1.468 | 34.655 |
| ***Монетарен агрегат М2*** | 76.028 | 493 | -851 | -529 | -887 | 75.141 |
| **Немонетарни депозити** | 4.785 | 121 | -28 | 188 | 281 | 5.066 |
| - денарски | 3.497 | -23 | 19 | 14 | 10 | 3.507 |
| - девизни | 1.288 | 144 | -47 | 174 | 271 | 1.559 |
| ***Монетарен агрегат М4*** | 80.813 | 614 | -879 | -341 | -606 | 80.207 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

**Табела 15**
Вкупни депозити на недржавниот сектор

| | Состојба 31.12.2003 | Промени по месеци јануари | февруари | март | Вкупно | Состојба 31.03.2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупни депозити** | 53.540 | 2.234 | -689 | -191 | 1.354 | 54.894 |
| **1. Според рочност** | | | | | | |
| -краткорочни | 48.755 | 2.113 | -661 | -379 | 1.073 | 49.828 |
| -долгорочни | 4.785 | 121 | -28 | 188 | 281 | 5.066 |
| **2. Според валута** | | | | | | |
| - денарски | 19.065 | 435 | 163 | -983 | -385 | 18.680 |
| - девизни | 34.475 | 1.799 | -852 | 792 | 1.739 | 36.214 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

**Табела 16**
Депозити на население и претпријатија

| | Состојба 31.12.2003 | Промени по месеци јануари | февруари | март | Вкупно | Состојба 31.03.2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупни депозити на населението** | 37.645 | 689 | 536 | 295 | 1.520 | 39.165 |
| **1. Според рочност** | | | | | | |
| -краткорочни | 34.748 | 665 | 490 | 283 | 1.438 | 36.186 |
| -долгорочни | 2.897 | 24 | 46 | 12 | 82 | 2.979 |
| **2. Според валута** | | | | | | |
| - денарски | 10.157 | 160 | 185 | 18 | 363 | 10.520 |
| - девизни | 27.488 | 529 | 351 | 277 | 1.157 | 28.645 |
| **Вкупни депозити на претпријатијата** | 14.277 | 1.551 | -1.195 | -480 | -124 | 14.153 |
| **1. Според рочност** | | | | | | |
| -краткорочни | 13.493 | 1.408 | -1.113 | -652 | -357 | 13.136 |
| -долгорочни | 784 | 143 | -82 | 172 | 233 | 1.017 |
| **2. Според валута** | | | | | | |
| - денарски | 7.441 | 338 | -14 | -1.020 | -696 | 6.745 |
| - девизни | 6.836 | 1.213 | -1.181 | 540 | 572 | 7.408 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

## 2.3. Пласмани на банките

**Табела 17**
Пласмани на банките

| | Состојба 31.12.2003 | Промени по месеци јануари | февруари | март | Вкупно | Состојба 31.03.2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупни пласмани** | 50.328 | 499 | 934 | 1.243 | 2.676 | 53.004 |
| *Денарски пласмани* | 43.081 | 525 | 663 | 859 | 2.047 | 45.128 |
| *Девизни пласмани* | 7.247 | -26 | 271 | 384 | 629 | 7.876 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

**Табела 18**
Рочна и секторска структура на денарските и девизните пласмани

| | Состојба на 31.03.2004 (во %) | Квартална промена (во процентни поени) | Годишна промена (во процентни поени) |
|---|---|---|---|
| **Денарски пласмани** | | | |
| ***рочна структура*** | | | |
| - краткорочни | 62,4 | -0,7 | -6,4 |
| - долгорочни | 37,6 | 0,7 | 6,4 |
| ***секторска структура*** | | | |
| - претпријатија | 74,5 | -1,1 | -6,3 |
| - население | 25,4 | 1,0 | 6,9 |
| - останато | 0,1 | 0,0 | -0,6 |
| **Девизни пласмани** | | | |
| ***рочна структура*** | | | |
| - краткорочни | 42,5 | -2,1 | -1,8 |
| - долгорочни | 57,5 | 2,1 | 1,8 |
| ***секторска структура*** | | 0,0 | |
| - претпријатија | 96,9 | -0,2 | -0,7 |
| - население | 0,4 | 0,1 | 0,1 |
| - останато | 2,6 | 0,1 | 0,6 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

## 2.4. Финансиски пазари во Република Македонија

**Табела 19**
Извештај за берзанското тргување во март 2004 година

| Опис на хартии од вредност | Број на трансакции | Вредност (во денари) | Број на тргувани хартии од вредност | Број на денови на тргување |
|---|---|---|---|---|
| *Официјален пазар* | | | | |
| *Официјален пазар - Обични акции* | | | | |
| Инвестбанка Скопје | 1 | 19.995.000 | 7.500 | 1 |
| Македонија Турист Скопје | 17 | 15.364.325 | 15.093 | 8 |
| Тетекс-Кредитна банка Скопје | 1 | 12.997.248 | 5.984 | 1 |
| Фустералко Борец Битола | 20 | 11.383.356 | 8.453 | 8 |
| Стопанска банка Битола | 10 | 10.297.300 | 3.528 | 5 |
| Останато | 477 | 58.687.306 | 98.281 | 157 |
| *Официјален пазар - Приоритетни акции* | | | | |
| Тетекс-Кредитна банка Скопје | 1 | 6.998.184 | 3.222 | 1 |
| Комерцијална банка Скопје | 12 | 520.979 | 656 | 8 |
| Тетовска банка-Тетово | 2 | 1.980 | 3 | 2 |
| *Официјален пазар - Обврзници* | | | | |
| Р.Македонија - девизни влогови | 323 | 25.942.444 | 587.402 | 16 |
| Р.Македонија - денационализација 01 | 9 | 715.996 | 16.522 | 6 |
| Р.Македонија - денационализација 02 | 62 | 6.608.144 | 157.149 | 14 |
| Р.Македонија - денационализација 03 | 929 | 157.798.939 | 4.285.986 | 19 |
| ***Вкупно Официјален пазар*** | ***1.864*** | ***327.311.201*** | ***5.189.779*** | |
| *Неофицијален пазар* | | | | |
| *Неофицијален пазар - Обични акции* | | | | |
| Сокомак Битола Битола | 1 | 35.899.732 | 14.641 | 1 |
| Снитекс Свети Николе | 1 | 5.978.000 | 1.960 | 1 |
| Македонска Штедилница | 1 | 4.650.000 | 1.500 | 1 |
| Нова трговија 2003 Штип | 1 | 3.847.560 | 32.063 | 1 |
| Останато | 37 | 11.227.245 | 36.711 | |
| ***Вкупно Неофицијален пазар*** | ***41*** | ***61.602.537*** | ***86.875*** | |
| *Други хартии од вредност* | | | | |
| *Државни хартии од вредност* | | | | |
| Конвертибилен сертификат-за штедилници | 19 | 1.344.963 | 7.949.911 | 9 |
| ***Вкупно Други хартии од вредност*** | ***19*** | ***1.344.963*** | ***7.949.911*** | |
| *Државен пазар* | 0 | 0 | | |
| ***Вкупно Државен пазар*** | ***0*** | ***0*** | | |
| **Вкупно сите пазари** | **1.924** | **390.258.701** | | |

Извор: Македонска берза на долгорочни хартии од вредност

# III. Надворешно-трговска размена и девизи движења во Република Македонија

## 3.1.Надворешно-трговска размена

**Табела 20**
Надворешно-трговска размена на Република Македонија
(во милиони САД долари)

| | III.2004 | I-III.2004 | III. 2004 / II. 2004 | | III. 2004 / III. 2003 | | I-III 2004 / I-III 2003 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | | износ | % | износ | % | износ | % |
| Вкупна размена | 356,9 | 963,6 | 28,1 | 8,5 | 15,9 | 4,7 | 138,1 | 16,7 |
| Извоз | 126,3 | 358,6 | -4,6 | -3,5 | 5,9 | 4,9 | 65,0 | 22,1 |
| Увоз | 230,6 | 604,9 | 32,7 | 16,5 | 10,0 | 4,6 | 73,2 | 13,8 |
| ***Салдо*** | ***-104,3*** | ***-246,3*** | ***-37,3*** | ***55,7*** | ***-4,1*** | ***4,1*** | ***-8,2*** | ***3,4*** |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија

**Табела 21**
Десет најголеми трговски партнери на Република Македонија во I квартал 2004 година
(по тековен курс)

| | Обем на стоковна размена во милиони САД долари | Учество | Извоз во милиони САД долари | Учество | Увоз во милиони САД долари | Учество | Покриеност на увозот со извоз |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I-III 2004 | | | | |
| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | **963,6** | **100,0** | **358,6** | **100,0** | **604,9** | **100,0** | **59,3** |
| од тоа: | | | | | | | |
| Германија | 163,7 | 17,0 | 81,7 | 22,8 | 82,0 | 13,6 | 99,6 |
| Грција | 115,9 | 12,0 | 52,4 | 14,6 | 63,4 | 10,5 | 82,6 |
| Србија и Црна Гора | 104,1 | 10,8 | 56,0 | 15,6 | 48,1 | 8,0 | 116,4 |
| Русија | 70,2 | 7,3 | 3,8 | 1,1 | 66,4 | 11,0 | 5,8 |
| Бугарија | 60,3 | 6,3 | 13,1 | 3,7 | 47,2 | 7,8 | 27,8 |
| Италија | 54,9 | 5,7 | 24,4 | 6,8 | 30,5 | 5,0 | 80,1 |
| Словенија | 38,8 | 4,0 | 4,8 | 1,3 | 33,9 | 5,6 | 14,3 |
| Франција | 34,0 | 3,5 | 18,6 | 5,2 | 15,5 | 2,6 | 120,0 |
| Турција | 30,2 | 3,1 | 12,5 | 3,5 | 17,7 | 2,9 | 70,8 |
| Хрватска | 28,1 | 2,9 | 16,1 | 4,5 | 12,0 | 2,0 | 133,9 |
| Вкупно (10 најголеми партнери) | 700,2 | 72,7 | 283,5 | 79,0 | 416,7 | 68,9 | 68,0 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Табела 22**
Стоковна размена на Република Македонија со странство според економските групации на земјите во I квартал 2004 година
(по тековен курс)

| | **Извоз** | | | **Увоз** | | | **Структура** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (мил. САД долари) | | индекс | (мил. САД долари) | | индекс | извоз (%) | увоз (%) |
| | I-III.2003 | I-III.2004 | I-III.2004 / I-III.2004 | I-III.2003 | I-III.2004 | I-III.2004 / I-III.2004 | I-III.2004 | |
| ВКУПНО | **293,7** | **358,6** | **122,1** | **531,8** | **604,9** | **113,8** | **100,0** | **100,0** |
| Развиени земји | 198,5 | 245,4 | 123,6 | 297,9 | 306,7 | 103,0 | 68,4 | 50,7 |
| ЕУ | 167,3 | 214,1 | 128,0 | 244,9 | 254,7 | 104,0 | 59,7 | 42,1 |
| ЕФТА | 6,6 | 1,8 | 27,3 | 7,1 | 9,3 | 131,7 | 0,5 | 1,5 |
| Други развиени земји | 24,6 | 29,5 | 119,9 | 45,9 | 42,6 | 92,9 | 8,2 | 7,0 |
| Земји на Централна и Источна Европа | 12,6 | 25,0 | 198,5 | 109,2 | 152,2 | 139,4 | 7,0 | 25,2 |
| Неразвиени земји | 0,2 | 0,1 | 54,3 | 1,2 | 0,4 | 31,0 | 0,0 | 0,1 |
| Земји во развој | 12,8 | 6,1 | 47,7 | 31,2 | 49,0 | 157,3 | 1,7 | 8,1 |
| Републики од поранешна СФРЈ | 69,5 | 82,1 | 118,0 | 92,3 | 96,6 | 104,6 | 22,9 | 16,0 |
| Останати земји | 0,1 | 0,0 | 35,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |

## 3.2. Надворешен долг

**Табела 23**
Надворешен долг на Република Македонија
(во милиони САД долари)

| | Состојба на долг | | Користени кредити | | Платени обврски | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 29.02.2004 | 31.03.2004 | 29.02.2004 | 31.03.2004 | 29.02.2004 | 31.03.2004 |
| **Официјални кредитори** | **1,193.61** | **1,183.45** | **5.61** | **7.78** | **10.21** | **9.45** |
| од тоа: | | | | | | |
| **Мултилатерала** | **933.95** | **930.66** | **4.74** | **7.78** | **8.53** | **4.41** |
| IMF | 64.20 | 64.02 | - | - | 4.29 | - |
| IBRD | 192.62 | 191.45 | 2.50 | 0.92 | 2.49 | - |
| IFC | 16.90 | 16.50 | - | - | 0.55 | 0.53 |
| IDA | 367.76 | 366.80 | 1.08 | 0.09 | 0.44 | 0.02 |
| EIB | 115.12 | 117.77 | 0.51 | 6.18 | - | 2.32 |
| EUROFIMA | 7.58 | 7.45 | - | - | - | - |
| Банка за развој при Совет на Европа | 17.28 | 16.96 | - | - | 0.01 | 0.09 |
| EBRD | 31.81 | 30.97 | 0.11 | 0.44 | 0.56 | 1.13 |
| EU | 111.76 | 109.68 | - | - | 0.20 | 0.32 |
| IFAD | 7.51 | 7.66 | 0.54 | 0.17 | - | 0.00 |
| Европска агенција за реконструкција | 1.41 | 1.39 | - | - | - | - |
| **Билатерала** | **259.65** | **252.80** | **0.87** | **-** | **1.68** | **5.04** |
| Париски Клуб (репрограм 1995) | 156.98 | 155.87 | - | - | - | 0.02 |
| Париски Клуб (репрограм 2000) | 17.91 | 13.30 | - | - | - | 4.71 |
| Новосклучени кредити | 75.33 | 74.38 | 0.87 | - | 1.68 | 0.30 |
| Нерепрограмиран долг | 9.43 | 9.25 | - | - | - | - |
| **Приватни кредитори** | **560.09** | **553.51** | **3.89** | **2.67** | **2.88** | **9.54** |
| од тоа: | | | | | | |
| **Лондонски клуб** | **238.07** | **238.07** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| | | | | | **-** | |
| **Останати приватни кредитори** | **322.02** | **315.44** | **3.89** | **2.67** | **2.88** | **3.41** |
| | | | | | **-** | |
| Банки и финансиски институции | 203.19 | 197.59 | 2.57 | 1.69 | 2.20 | 2.45 |
| Претпријатија | 118.83 | 117.85 | 1.32 | 0.98 | 0.69 | 1.68 |
| | | | | | - | |
| **ВКУПНО** | **1,753.70** | **1,736.96** | **9.50** | **10.45** | **13.10** | **18.98** |

Извор: Народна банка на Република Македонија

## Биланс на Народна банка на Република Македонија

**Табела 24**
Биланс на состојба на НБРМ на 31.03.2004 година
(во милиони денари)

| **Актива** | **Износ** | **Пасива** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| Девизни средства | 45.827 | Примарни пари | 15.434 |
| Побарувања од јавниот сектор | 3.799 | Инструменти на НБРМ | 5.751 |
| Побарувања од банки и други финансиски организации | 78 | Ограничени депозити | 134 |
| Останата актива | 3.576 | Девизни обврски | 3.324 |
| | | Депозити на јавен сектор | 14.626 |
| | | Капитални сметки | 8.121 |
| | | Останата пасива | 5.890 |
| **Вкупно** | **53.280** | **Вкупно** | **53.280** |

Извор: Народна банка на Република Македонија